Зарем Оној кој му овозможи да оди на двете нозе на земјата, не е во можност да го направи да оди на своето лице на Судниот ден?

Катаде, Аллах нека му се смилува, рекол: „Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, ни раскажа дека еден човек го прашал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: ‚О, Божји Пратенику, како неверникот ќе биде оживеен на Судниот ден на своето лице?’ Пратеникот одговорил: ‘Зарем Оној кој му овозможи да оди на двете нозе на земјата, не е во можност да го направи да оди на своето лице на Судниот ден?’ Катаде рече: ‚Да, се колнам во величината и моќта на нашиот Господар.’”

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил прашан како неверникот ќе биде проживеан на своето лице на Судниот ден (ќе се движи со неговото лице прилепено до земјата). Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: Зарем Аллах, кој го направи да оди на двете нозе на земјата, не е способен да го направи да оди на своето лице на Судниот ден? А Аллах е способен за сè.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65068